**МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**

*** СУДИСКА КОМИСИЈА ***

# ПРАВИЛНИК

# ЗА

# НАТПРЕВАРИ НА ПРИРОДНА КАРПА, ДИСЦИПЛИНА ТЕЖИНСКО

Член -1

Натпреварите во оваа дисциплина се изведуваат на насоки со должина од 15 до 30 метри. Со доволно простор под карпата за безбедно пристапување, осигурување и судење.

Член -2

Насоките задолжително мора да бидат обезбедени со експанзиони или лепени клинови и квалитетно сидриште на крајот од насоката.

Член -3

На насоката комплетите се поставени а од безбедносни причини првиот клин (во водство) секогаш е вкопчан. При осигурувањето јажето треба оптимално да биде затегнато.

Член -4

При осигурување се користат реверсо или гри- гри алатки.

Член -5

Скршено ситно фаќалиште при качување не се смета за техничка грешка. Скршено фаќалиште од поголем обем, кое ја менува тежината на насоката се смета и за тоа одлучува судискиото жири!

Член -6

Натпреварувачот ќе биде запрен во качувањето доколку: Сам падне, го пречекори времето предвидено за искачување на насоката, излезе од границата на насоката(во ширина), се фаќа за комплети, гази на клинови, не вкопча клин или погршно вкопча клин (зет).

Член -7

При качувањето на насоката се мери време и тоа е ограничено на 6 мин. Времето се вклучува кога натпреварувачот ќе ја подигне стојната нога од подлогата.

Член -8

Насоката се смета за искачена кога натпреварувачот ќе го вкопча и последнит комплет на сидриште.

Член -9

При качувањето се бодува секој вкопчан клин од страна на натпреварувачот. Исто така се бодува со (+) и моментот кога качувачот ќе се подигне со половината (појасот) над пртходно вкопчаниот клин и при тоа стабилно држи фаќалиште од најмалку 2 секунди.

Член-10

При мерење на резултатите се зема во предвид највисоката достигната точка и времето за кое е таа достигната.

Член -11

Натпреварувачите искачува една насока во квалификации и една во финале. Во финале влегуваат првите три најдобри од квалификациите.

Член -12

Доколку во финалето имаме два исти резултати за подобар се смета оној натпреварувач кој во квалификациите имал подобар резултат.

Член-13

На натпреварот вкопчуваат сите категории постари од 14 години. Помладите качуваат со горно осигурување (топ роп) и вкопчување на „Лажно“ јаже.

Член-14

Категорија се оформува со најмалку тројца натпреварувачи. Доколку се помалку категоријата не се бодува ( Се додаваат на постара категорија).

Член-15

При качувањето натпреварувачот задолжително користи заштитен шлем (кацига), патики(пентерки) и спортска облека (качување без маица и сл. дисквалификација).

Член -16

За натпреварите во категорија 14+ насоките секогаш треба да бидат нови. За останатите категории можат да се користат и претходно направени насоки.

Член-17

Насоките ги определува организаторот на натпреварот во соработка со рут сетерот, водеќи сметка за квалитетот на натпреварувачите при одредувањето на тежините за качување. (Квалификации и финале).

Член- 18

Главниот судија и судиите на натпреварот ги одредува комисијата за натпревари, судиите воедно се и мерачи на време. Луѓето за осигурување на насока ги одредува организаторот, по можност да бидат инструктори.

Член -19

Технички состанок за претставниците на клубовите и судиското жири најмалку 30 мин. Пред  натпреварот.

Член -20

Резултатите од натпреварот ги сумира главниот судија во соработка со судиите на насока. Евентуални приговори во врска со качувањето може да достави само официјален претставник на клуб во писмена форма до главниот судија на натпреварот до завршувањето на натпреварот.

Член-21

На натпреварот се поставува изолациона зона за сите категории натпреварувачи.

Член – 22

Средства за учество, (котизација) 100 ден . по натпреварувач. Средствата одат за организаторот на натпреварот. Истиот е должен да обезбени дипломи и медали за првите три натпреварувачи по категории машка и женска конкуренција.

Член – 23

Средства за судии, осигурувачи и рут сетер обезбедува МСКФ.

Член -24

Организаторот на натпреварот е должен во рок од 24 часа да го достави записникот со вкупните резултати и останати податоци од натпреварот до претседателот на судиска комисија!

Правилникот е разгледан и усвоен на состанокот на МСКФ во Демир Капија на 31.01.2021 год.

Претседател на судиска Комисија

Христо Белакапоски